РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр.02-68/6
23.02.2026 година
С К О П Ј Е

# ЗАПИСНИК

## од двесте четириесет и трета седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 26 јануари 2026 година

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 26 јануари 2026 година, со почеток во 13.00 часот, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте четириесет и третата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, Душица Димитриеска, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас и Ана Милчевска, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители како лице задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија констатираше присуство на сите членови на Управниот одбор, како и дека материјалите за седницата се навремено доставени, по што го прочита предложениот дневен ред за седницата:

1. Усвојување на Записник од 242-ра седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Донесување на Годишен план за јавни набавки на Академијата за судии и јавни обвинители за 2026 година.
3. Известување за реализирани обуки, ангажирани предавачи и нивна евалуација во втора половина на 2025 година.

4. Разно.

Претседателот на Управниот одбор, отвори диксусија по однос на вака предложениот дневен ред, но со оглед на тоа дека немаше пријавени за збор, истиот го стави на гласање и дневниот ред беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на записникот од 242-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори простор за дискусија по однос на оваа точка. Немаше пријавени членови на Управниот одбор за збор, по што претседателот на Управниот одбор истакна дека би сакал во записникот, на страна 10 да се додаде неговиот став, изнесен на 242-та седница, во делот по обраќањето на судија Али Алиу, во однос на тоа дека и самиот се согласил со таквото размислување дека се согласува со ставот на судијата Али Алиу и дека и самиот ќе гласа за поништување на јавниот оглас, поради истите причини како и судијата Али Алиу – дека е за да продолжи оваа генерација, но фактичката ситуација е таква да има законски пречки за продолжување на постапката и нема услови за продолжување на истата. Потоа, претседателот на Управниот одбор ги праша останатите членови на Управниот одбор дали се согласни со ваквото дополнување на записникот, на што останатите членови на Управниот одбор се согласија. Така, записникот од 242-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, заедно со дополнувањето од претседателот на Управниот одбор, беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Понатаму, се пристапи кон разгледување на **втората точка** од дневниот ред која гласеше - Донесување на Годишен план за јавни набавки на Академијата за судии и јавни обвинители за 2026 година. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, по што и даде збор на директорката на Академијата за судии и јавни обвинители. Директорката на Академијата, по однос на оваа точка, истакна дека во предлог Планот за јавни набавки за 2026 година, се предвидени потребите на Академијата за судии и јавни обвинители, за кои се очекува дека во 2026 година ќе се надмине вредносниот праг од 1,000 евра во денарска противвредност без ДДВ, под кој праг овој Закон не се применува, дека во Планот се содржани информации за предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка. Додаде дека што се однесува до видот на постапката која ќе се спроведе, во планот се дадени неколку видови постапки и тоа – постапка од мала вредност, поедноставена отворена постапка и отворена постапка, по што појасни дека:

- Кај набавката од мала вредност, предвидена согласно член согласно член 48 став 1 од ЗЈН, договорниот орган го утврдува единствено условот за вршење

професионална дејност и непостоењето причина за исклучување од постапката поради издадена негативна референца. Ова значи дека кај оваа постапка не може да се утврди никаков дополнителен критериум кој би бил поставен во насока на предвидување дополнителни услови заради обезбедување квалитетен носител на набавка.

- Кај поедноставената отворена постапка, предвидена согласно член Согласно член 49 став 1 од ЗЈН, Договорниот орган може да спроведе поедноставена отворена постапка за набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 70.000 евра во денарска противвредност и на работи до 500.000 евра во денарска противвредност. Во прилог на понудата се доставува изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност. Ова значи дека кај оваа постапка може да се утврди никаков дополнителен критериум кој би бил поставен во насока на предвидување дополнителни услови заради обезбедување квалитетен носител на набавка. Истакна дека Академијата најчесто како критериум го користи критериумот најниска цена, освен кај набавките за превод, каде се користи критериумот најдобар однос помеѓу цена и квалитет, каде е потребно да се цени квалитетот на понудувачот, особено бидејќи е потребен превод на правна терминологија.
- Отворената постапка се однесува на оние набавки каде Академијата е учесник како дел од групни јавни набавки спроведени од страна на Судскиот совет на РСМ за сите судови, Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители и тоа за интернет услуги и мобилна телефонија за 2026 година.
- Од досегашното искуство, постапките за оние набавки кај кои се покажала потреба од предвидување дополнителни услови за обезбедување квалитет, се ставени како Поедноставена отворена постапка, додека останатите се ставени како Постапка од мала вредност, во интерес на пократкото време за спроведување на постапката. Дополнително, Бирото за јавни набавки налага зголемување на користењето на новопоставената алатка е-пазар, преку која се поедноствува постапката кај оние набавки кои се предвидени како Набавки од мала вредност.
- Набавките за ресторантски и осигурителни услуги се набавки кои се ставени во Планот за јавни набавки по укажување за потребата од истото од страна на ДЗР. Набавката на 10 лаптопи е со цел обезбедување на доволен број лаптопи заради потребите на седниците на УО и ПС, со цел заштеда на харија и тонери за печатење на материјали на седниците, што е во насока на заштита на животната средина и процесот на дигитализација, кој меѓудругото е и една од поставените цели во Стратегијата на АСЈО за 2026-2030 година која ќе биде предмет на разгледување на наредната седница на УО.

- Набавка која не е предвидена во Планот, а е извесно дека може да се јави потреба од неа е набавката за Одржување на систем за електроснско тестирање (бидејќи сеуште нема никаква иформација околу истото и не е можно да се предвиди ниту назив, ниту средства ниту вид на постапка). Исто така, не е предвидена набавката за психолошки тестови и тестови за интегритет за приемниот испит, бидејќи во предлог ЗАСЈО, објавен на ЕНЕР, таа фаза од приемниот испит е избришана. Доколку Законот биде донесен како таков, нема да има потреба од оваа набавка. Во овој момент не може да биде предвидена ниту ориентационо бидејќи недостигаат многу информации кои се потребни за истата да се предвиди. Доколку се јави потреба, овие набавки ќе бидат ставени како предлог за дополнување на Планот пред Управниот одбор.
- Од страна на ДЗР е укажано дека подобро е Планот за јавни набавки да содржи и повеќе набавки кои можеби и нема да се искористат, но подобро е да се наведени доколку се јави потреба од истите во текот на годината, да може да бидат спроведени.
- Набавките во Планот за јавни набавки кои се од ИТ областа се ставени како укажана потреба од набавување на истите, во рамки на расположливите средства, од страна на ИТ експерт ангажиран во Академијата за судии и јавни обвинители и тоа Мрежна опрема - 2 Menaged Switch – мрежна опрема за внатрешна мрежа и Мрежна опрема – Firewall (1) –која има за цел да ја заштити внатрешната мрежа на Академијата од надворешни фактори, заштита од можни упади и сл.

Имајќи во превдид дека немаше понатамошна дискусија по однос на оваа точка, Годишниот план за јавни набавки на Академијата за судии и јавни обвинители за 2026 година беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Се премина кон **третата точка** на дневен ред - Известување за реализирани обуки, ангажирани предавачи и нивна евалуација во втора половина на 2025 година. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, по што и даде збор на директорката на Академијата.

Директорката на Академијата истакна дека на ден 15 јануари 2026 година, се одржала 21-та седница на Програмскиот совет на Академијата и дека втората точка од дневниот ред се однесувала на разгледување и ажурирање на листата на предавачи, по што извести за следното: дека во Академијата, во моментот се наоѓаат поголем број пријави на предавачи, кои не се на листата на предавачи, а кои во моментот кога поднеле пријава добиле позитивно мислење и се наоѓале на тогашната листа на предвачи на Академијата. Причината поради која не се на актуелната листа, е таа што, во мандатот на претходната директорка на

Академијата, биле изменети условите за поднесување на пријава за предавач. Бил објавен повик за повторно доставување на пријава и кратка биографија. Лицата кои не доставиле повторно пријава биле тргнати од листата на предавачи. Согласно членот 11 - Надлежности на Управниот одбор, став 1 алинеја 11 од Законот за Академијата и член 3 став 3 од Статутот на Академијата, предавач од листата на Академијата може да се отстрани само со Одлука на Управниот одбор, по претходно добиено мислење од Програмскиот совет. Таква одлука од тогашниот Управен одбор не е донесена. Понатаму, истакна дека дека на претходната седница на Програмскиот совет, негативно мислење од Програмскиот совет, добила пријавата на Агим Ибраими, преведувач за англиски-албански-македонски јазик и толкувач за меѓународни судски постапки со образложение дека истиот не ги поседува потребните квалификации за да биде предавач. При увид во листата на предавачи, било констатирано дека истиот веќе е на листата бидејќи истото лице поднело пријава за предавач и претходно, во 2020 година, кога од тогашниот состав на Програмскиот совет добило позитивно мислење.

Директорката на Академијата, истакна дека, во двата случаи, членовите на Програмскиот совет, согласно нивните законски надлежности, дале предлог, првично, да се ажурира листата на предавачи, односно, Академијата да креира прашалник за ажурирање на податоци. Истиот да биде достапен, на Веб страната на Академијата, а воедно, за истото да бидат известени сите предавачи преку меил, вклучувајќи ги сите постоечки (358 предвачи од постојната листа), како и предвачите за кои Академијата има пријава, а не се на листата на предавачи. Програмскиот совет дал насоки, откако ќе биде ажурирана листата на предавачи од страна на Академијата, дека истата ќе биде разгледана на седница на Програмскиот совет на која членовите ќе дадат свое мислење по однос на секој предавач и со истото ќе бидат запознаени и членовите на Управниот одбор.

Понатаму, директорката на Академијата истакна дека, на истата седница на Програмскиот совет, била извршена и евалуација на ангажираните предавачи од Академијата за втората половина на 2025 година. На членовите на Програмскиот совет им биле презентирани податоци за ангажирани предавачи кои се на листата на Академијата и предавачи кои се ангажираат согласно член 25 од Законот за Академијата.

Во таа насока, директорката на Академијата истакна дека во периодот од септември до декември 2025 година, организирани се вкупно 92 обуки, советувања, online обуки, тркалезни маси, работни состаноци, промоции и работилници, од кои 83 биле со физичко присуство, а 9 биле oniline обуки. Од вкупно 92 обуки, 41 биле во самостојна организација на Академијата, а 51 обука, во соработка со други организации и проекти. Понатаму, директорката на Академијата истакна дека во

однос на предавачите, со оглед на фактот што базата на податоци на Академијата не дозволува пресек на податоците за половина година, податоците за ангажираните предавачи се дадени збирно за цела 2025 година, притоа додаде дека софтверот за оваа намена не работи и Академијата е во фаза на наоѓање на решение за истото, во соработка со проектот Rule of law.

Понатаму, директорката на Академијата истакна дека во текот на 2025 година, биле ангажирани 238 предавачи, од нив 31 биле странски предавачи, 207 домашни предавачи, од кои 69 судии, 31 јавни обвинители, 10 предавачи за стручната служба во судовите и обвинителствата и 97 претставници на релевантни институции. Од предавачите кои Академијата ги ангажирала, 126 се од листата на предавачи, а 28 се ангажирани предавачи по потреба, за теми за кои на листата на предавачи нема предавач.

Следно, директорката на Академијата додаде дека согласно барањата на EJTN, во која Академијата е во улога на набљудувач, како и согласно барањата за приемот во ЕУ, обезбедувањето специјализирана странско-јазична обука за судии и јавни обвинители претставува директно спроведување на известувањето на Европската комисија „Градење доверба во правосудството низ целата ЕУ. Нова димензија на европската судска обука". Во документот изречно се наведува дека совладувањето на странски јазик и неговата правна терминологија е од клучно значење и треба да биде дел од континуираната обука на практичарите по право. Ова е предуслов за ефективни контакти во сите земји-членки, кои пак се од првостепено значење за судската соработка. Од суштинско значење е сите засегнати страни да посветат внимание на обуката по правна терминологија на странски јазик." Додаде дека во Академијата странско-јазичната обука по правна терминологија се обавува на француски и англиски јазик – главните јазици на Судот на правдата на ЕУ и Европскиот суд за човекови права. Посочи дека обуката по француски јазик се обавува преку Институтот за француски јазик кој што го плаќа француска амбасада и не треба да се издвојува од останатите тековни активности за обука што ги спроведува , туку да се прифати како инструмент за поттикнување на судската соработка меѓу судските органи во земјите-членки на ЕУ. Следно, истакна дека барањето за Академиите да обезбедат специјализирана странско-јазична обука е вклучено и во Заклучоците на Советот на Европа, „Обука на практичари по право: суштинска алатка за консолидирање на достигнувањата на правото на ЕУ", каде што Европската комисија повикува да „ги охрабри давателите на услуги за обука да организираат повеќе обуки по правото на ЕУ и по правни јазични вештини на странски јазик за правните професии, имајќи ја предвид целта оваа обука да биде висококвалитетна и економски ефикасна".

Ова е предвидено и во Европската мрежа за судска обука, во која Академијата членува. Европската мрежа за судска обука ги претставува интересите на над 120.000 европски судии и обвинители. Истовремено, во делот „Добри практики" на веб-страницата на ЕМСО е земен примерот на италијанската Академија за судии и јавни обвинители, како и на бугарската, додека на веб страницата на ЕМСО е објавена информација за добрите практики во обуката по правен англиски и француски јазик на Шпанската школа, Чешка Република, Унгарија, Полска и Словачка. За крај, директорката на Академијата укажа дека во тек е активност, која се работи заедно со Rule of law, која се однесува на изработка на кратки видеа по кривично право, граѓанско право и Правото на ЕУ, кои што ќе бидат поставени на мудалот кој веќе се поставува на веб страницата на Академијата, со помош на професори од ФИНКИ, со цел да можат судиите и јавните обвинители да го применуваат правниот речник.

Директорката на Академијата истакна дека во месеците септември и октомври 2025 година, преку Академијата за судии и јавни обвинители имало можност за посетување на часови по англиски јазик. Имајќи го во предвид фактот дека од предавачите по англиски јазик, кои се наоѓаат на листата на предавачи, двајца предавачи се спорни, една професорка е почината, во нивните пријави немале наведено дека предаваат правна терминологија на англиски јазик, па со проектот Rule of law е ангажиран професор по англиски јазик кој се занимава со правна терминологија.

Додаде дека, што се однесува пак до начинот на мерење на квалитетот на обуката, инструментот кој Академијата го користи за мерење на квалитетот на наставата е прашалник, дека истиот е составен од 9 прашања – 5 од затворен тип, со давање оцена и 4 од отворен тип. Истакна дека обработените прашалници укажуваат на високо ниво на задоволство од обуките и дека и во второто полугодие прашалникот остана во ист формат како и во првото полугодие, со истите прашања. Директорката на Академијата истакна дека со Програмскиот совет се работи на подобрување на прашалниците и дека на седницата на Програмскиот совет на 02.02.2026 година ќе се започне со процесот на промена на прашалниците, со цел подобрување на квалитетот на наставата во Академијата. Дополнително, директорката на Академијата го извести Управниот одбор дека во месец февруари или март оваа година, преку Rule of law проектот, во Академијата, ќе дојде експерт кој ќе даде свој придонес токму во оваа насока. Бидејќи оваа точка беше исцрпена, дискусијата по однос на истата беше затворена.

Се премина кон **четвртата точка** на дневен ред, точката Разно. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по оваа точка и даде збор на директорката на Академијата.

Директорката на Академијата извести дека Академијата изготви Нацрт-Стратегија на Академијата за судии и јавни обвинители за 2026-2030 година, со помош на проектот DCAF, преку кој беа одржани неколку работилници, во насока на едукација на вработените во Академијата за подготовка на овој документ. Посочи дека истата ќе биде електронски доставена до членовите на Управниот одбор на нивно разгледување/давање забелешки и слично, по што ќе биде доставена до DCAF кои ќе го изработат дизајнот на истата, по што ќе биде ставена на дневен ред на Управниот одбор на усвојување.

Следно, директорката на Академијата истакна дека во петокот до Академијата е доставен допис во однос на давање информација дека текстот на новиот предлог Закон за Академија за судии и јавни е објавен на ЕНЕР на 02.01.2026 година, согласно член 25 од Деловникот за работа на Владата на РСМ и член 17 од Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата. Укажа дека по истекот на 30 дена, дадените забелешки ќе бидат разгледани од работната група и понатаму истиот ќе биде доставен во Владина процедура и на мислење до надлежните органи на државната управа, а согласно 24 од Деловникот за работа на Владата на РСМ. Додаде дека текот на целиот процес на подготовка на текстот на предлог законот, како и за сите преземени активности, низ транспарентен процес биле вклучени сите засегнати институции и тоа: академската заедница претставници од проектот ЕУ Support for Rule of Law, додека како поддржувачи во процесот биле вклучени претставници од ЕУ Делегацијата, преставници од Амбасадата на САД, преставници од Амбасадата Кралството Холандија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и Академијата за судии и јавни обвинители како клучна институција задолжена за спроведување на овој закон.

Понатаму беше дискутирано околу следните чекори по исктекот на времето за поставување коментари, забелешки и сл. за Законот на ЕНЕР, потребното време за добивање на мислења од релевантни институции и владината процедура. Беше дискутирано и прашањето како со новиот Закон би треба да се надмине недостатокот на досегашниот Закон, кој се однесува на неатрактивноста на основните судови и јавни обвинителства во помалите места во државата, бидејќи огласите ќе бидат објавувани по апелациони подрачја.

Понатаму, беше дискутирано прашањето за потребата од обезбедување на финансиска согласност за наредна генерација почетна обука, во рамки на расположливите финансиски средства со кои располага Академијата.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски, кој истакна дека постапката за прием во почетна обука започнува со објава на оглас. Додаде дека подготвителните дејствија кои претходат на објавувањето на оглас – а тоа е обезбедување на финансиската согласност од МФ смета дека треба да се преземаат во насока на обезбедување на услови за објавување на оглас.

Претседателот на Управниот одбор изнесе мислење дека би требало да се известат двата Совети дека Академијата располага со финансиски средства за околу 80 кандидати, што Советите треба да го имаат во предвид кога ќе го определуваат бројот на потребни идни судии и јавни обвинители.

Членот на ССРСМм м-р Антоанета Димовска и претседателот на СЈОРСМ, м-р Башким Бесими, се согласија еден со друг дека треба да се постави граница кога постапката за прием се смета за започната односно дали овие подготвителни дејствија, отпочнати во време на важење на актуелниот закон, значат дека постапката е отпочната по стар закон, па ќе се довршува по новиот закон кој се очекува да биде донесен наскоро или не.

Претседателот на Управниот одбор истакна дека смета дека се работи за подготвителни дејствија во насока на обезбедување на услови за распишување на јавниот оглас за прием во почетна обука. Членот на УО, Радица Лазареска Геровска истакна дека имајќи предвид дека постапката за обезбедување финансиска согласност трае, дека смета дека треба да се отпочне постапка за обезбедување на истата.

Беше водена дискусија по однос на ова прашање. Јавниот обвинител Златко Биковски истакна дека како што кажа и претходно, смета дека треба Академијата треба да се обрати до МФ заради добивање согласност, а во однос на утврдувањето на бројот на потребни идни судии и јавни обвинители од двата Совети, треба да се почека донесувањето на новиот закон за Академија.

За збор се јави членот на ССРСМ Антоанета Димовска која го истакна своето видување дека и барањето финансиска согласност претставува своевиден почеток на постапката и од самиот почеток треба да се има во предвид бројката на потребни кандидати.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски, кој укажа дека добил меил, на неговата службена адреса, доставен до него како до член на УО, од страна подносител кој нема доставено негови податоци, меил адресата е со име Мики Петров, на ден 25.12.2025 година, во 10:12 часот. Укажа дека мејлот е доставен до него, до претседателот на Управниот одбор (по што претседателот на Управниот одбор потврди дека и до него е доставен) до јавен обвинител Спасенка Андонова и до членот на ССРСМ Антоанета Димовска. Јавниот обвинител Златко Биковски ја прочита содржината на мејлот, дека истиот се однесува на организираните часови по англиски јазик за судиите и јавните обвинители и до молбата овој меил да биде доставен до останатите членови на Управниот одбор. Понатаму, јавниот обвинител Златко Биковски го предаде предметниот доставен меил во писмена форма до службата на Академијата со цел истиот да биде ставен во оваа седница на УО како материјал. Истакна дека од содржината на мејлот, произлегува дека имало некаква

претходна комуникација помеѓу Академијата и лицето и дека УО, освен да го проследи мејлот до Академијата, нема законски основ да одговора до вакви дописи, бидејќи Академијата е правен субјект, дека постои Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер итн. Претседателот на Управниот одбор потврди дека истата содржина на меил е доставена и до него по меил. Членот на ССРСМ Антоанета Димовска истакна дека не го видела тој меил на својата адреса.

Судијата Беса Адеми праша дали Академијата има донесено соодветна програма за укажувачи бидејќи нејзиното донесување е задолжително. Директорката на Академијата одговори дека Академијата ја има, дека навистина добила ваков меил и по Законот за заштита на укажувачи и како Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, дека истите се заведени во архивата на Академијата. Истакна дека бидејќи е утврдено дека Мики Петров не е корисник на услуги на Академијата, а и ги нема наведено информациите кои се потребни согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за да може да се постапува по барањето, бидејќи истото не може да биде доставено од анонимен подносител, во рамки на законскиот рок, од страна на Академијата му беше доставен меил со барање за дополнување на барањето. Именуваниот не одговори повратно во рамки на утврдениот рок и при обидот за достава на решение по однос на информацијата од јавен карактер, не постоеше можност за достава на меилот на proton. Од друга страна, директорката на Академијата истакна дека согласно барањата на ЕУ и ЕЈТН, во рамки на континуиранaта обука на судиите и јавните обвинители од член 61 од Законот, биле организирани часови по англиски јазик, во насока на тоа да се обезбедат јазични вештини на судиите и јавните обвинители. Истакна дека честопати се оди на меѓународни средби и Академијата е таа која по својата природа на дејност треба да овозможи подигнување на нивото на познавање на англиски јазик со стручна правна терминологија за судиите и јавните обвинители. Посочи дека од пријавените предавачи по англиски јазик, од листата на предавачи на Академијата, двајца од нив се спорни, една е почината, а другите немаат истакнато познавање на правна терминологија на англиски јазик. Истакна дека ангажираниот професор бил ангажиран преку ЕУ проектот Rule of law и дека истиот е веќе во процес на изработка на видеата коишто ги спомена во своето претходно излагање.

Судија Беса Адеми истакна дека во Врховниот суд е добиено барање за достава на информација во однос на тоа кое ниво англиски јазик го поседува секој судија и вработените во администрацијата. Праша за какви потреби е барано истото, на што директорката на Академијата одговори дека истото е доставено до сите судии и јавни обвинители, со цел обезбедување информации за степенот на познавање на англиски јазик, преку што Академијата ќе создаде база со информации и при потреба од обуки од меѓународен карактер, би можела да ги земе во предвид лицата кои говорат англиски јазик.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски, кој истакна дека би сакал уште еднаш да истакне во однос на тоа дека Управниот одбор нема никаква надлежност во однос на предметниот допис и дека единствено може да донесат заклучок дека Академијата преку нејзините одговорни и овластени лица треба да постапи согласно законите. Директорката укажа дека Академијата постапила согласно уредените правила и дека услугите по англиски јазик ги користеле над 40 корисници. Претседателот на Управниот одбор ги праша останатите членови на УО дали се согласуваат со заклучокот на јавниот обвинител Златко Биковски, по што сите членови на УО беа согласни и истиот беше едногласно усвоен.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 243-та седница на Управниот одбор на Академијата во 13.50 часот.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси